**Г р а д   С к о п ј е**

**Предлагач:** Градоначалник на Град Скопје

**Изготвувач:** Сектор за заштита на животната средина

**Претставник:** Секретар на Град Скопје

**Повереник:** Претставник на Сектор за заштита на животната средина

# Предлог - програма за заштита на Парк на природата Гази Баба за 2025 година

Скопје, април 2025 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24) и член 10 став 1 точка 2 од Законот за градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ број 55/04 и 158/11), а во врска со член 8 од Законот за прогласување на локалитетот парк шума Гази Баба за парк на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/15), Советот на Град Скопје, на __ седница, одржана на __.__.2025 година, донесе

# Програма за заштита на Парк на природата Гази Баба за 2025 година

- ***Вовед***

Локалитетот Гази Баба во 1998 година со Одлука на Советот на Град Скопје е прогласен за карактеристичен пејсаж („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 18/98). Оваа категорија на заштита - карактеристичен пејсаж, локалитетот Гази Баба ја имаше се до прогласување на овој локалитет за Парк на природата. Имено, Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 16 март 2015 година, го донесе Законот за прогласување на локалитетот карактеристичен пејсаж „Гази Баба“ за парк на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/2015). Согласно наведениот закон, Градот Скопје како управувач со целото подрачје на паркот на природа е должен да го чува и одржува паркот на природа во состојба што одговара на неговото значење и функција.

Паркот на природата Гази Баба се наоѓа на оддалеченост од околу 3 km од центарот на градот Скопје во источен правец, помеѓу станбената населба Железара на исток, урбаните делови од населбата Чаир на запад (по должината на улицата Ордан Чопела), северните делови на населбата Автокоманда (Архимедова улица и студентскиот дом Стив Наумов) и од север со станбени делови од населбата Бутел 2. Во наведениот опфат паркот зафаќа површина од 107,9 хектари кои целосно припаѓаат на КО Гази Баба. Во рамките на Паркот на природата Гази Баба минималната надморска висина изнесува 257 m, а максималната 325 m.

Паркот на природата Гази Баба претставува вештачки подигната шума која се наоѓа во средиштето на градската урбана зона. Зеленилото во овој парк е интегрален дел на градот, и е во функција на здравјето на луѓето, бидејќи има огромно хигиенско-санитарно значење како и естетска вредност и претставува атрактивен, интензивно пошумен простор. Шумата на Паркот на природата Гази Баба е со посебна вредност- во неа се јавуваат голем број на листопадни и иглолисни дрвни видови и грмушки. Од вкупната површината на паркот (108 ха), најголем дел, односно 95 ха е под нискостеблени и високостеблени шуми. Единствени тревни површини се јавуваат на југоисток во подножјето на ридот (4,3 ха), на североисток (3,6 ха) и над Природно-математичкиот факултет (околу 2 ха). Овие површини претставувале некогаш ораници кои денес се користат како ливади. Во средиштето на една урбана средина како што е градот Скопје ретко се среќава ваква голема површина под шума.

Најголемата вредност на Паркот на природата Гази Баба е неговата функција изразена преку: прочистување на воздухот, заштита на почвата, регулирање на водниот режим и подобрување на микро климата, што позитивно влијае на квалитетот на животната средина во целост. Повеќекратното значење на паркот е во тесна врска со неговата местоположба, бидејќи се наоѓа наспроти постоечката тешка индустрија во непосредна близина и претставува извонредна заштитна зона од негативното дејство на индустријата. Заради тоа успешното одржување на овој парк е повеќе од значајно за градот Скопје и неговите жители.

- ***<u>Цел на програмата</u>***

Целта на изработката на Програмата за заштита на Парк на природата Гази Баба за 2025 година е реализација на приоритетните мерки и активности во паркот до донесување на План за управување, а со цел создавање услови за одржливо користење на парк- шумата во интерес на сегашниот и идниот развој без оштетување на деловите на природата и на природната рамнотежа како и остварување на културни, научни, образовни и рекреативни цели и создавање услови за развој на туризмот.

- ***<u>Активности</u>***

Активностите од Програмата се групирани во 5 програми и тоа:

- Програма за управување со шумски живеалишта и екосистеми
- Програма за управување на културното наследство
- Програма за развој на одржлив туризам и рекреација
- Програма за информирање, подигање на јавната свест и образование/едукација
- Програма за раководење, управување, финансирање и администрација.

Дел од финансиски средства за реализација на активностите се обезбедени од буџетот на Град Скопје, дел од буџетот на ЈП Паркови и зеленило Скопје, а дел од активностите ќе се реализираат на волонтерска база и преку донации.

- ***<u>Програми</u>***

***<u>1.Програма за управување со шумски живеалишта и екосистеми</u>***

Целта на програмата е заштита, зачувување и унапредување на шумските живеалишта и екосистеми.

За зачувување на здравствената состојба на шумите како и за стабилноста на шумските екосистеми предвидена е континуирана примена на соодветни санитарно одгледувачки мерки односно санитарна сеча и прореди на физиолошки ослабени, суви и заболени стебла, како и отстранување на исушени гранки.Во изминатата година извршено е кроење на 110 дрва покрај пешачките патеки, кастрење на 47 дрва покрај трим патеката и 26 дрва покрај пат, како и расчистување на 109 паднати суви стебла и 23 диви избојци. Освен наведеното редовно се одржуваат трим и асфалтни патеки. Исто така редовно беше застапено и одржувањето на тревните површини во паркот преку косење и полевање.

Преку пошумување на голини и интродукција – подмладување на разредени насади се воспоставува одржливо управување со шумските живеалишта.

Во изминатата година согласно условите на месторастење како и расположивиот посадочен материјал, извршено е пошумување со 100 садници од Аризонски чемпрес (Cupressus arizonica) над Природно - математички факултет.
Се планира продолжување на пошумувањето со садници од автохтони и неинвазивни видови погодни за терените на Паркот на природата Гази Баба кои досега покажале добри резултати и кои се одликуваат со добра адаптибилност на условите на теренот.

| Планирани активности за 2025 година | | |
|---|---|---|
| **Активност** | **Индикатор** | **Носител** |
| Интродукција-подмладување на разредени насади преку пошумување со автохтони и неинвазивни видови Даб (Querqus spp.) и Јасен (Fraxinus spp.) | Број на засадени садници | Град Скопје преку ЈП Паркови и зеленило, Општина Гази Баба, Граѓански здруженија |
| Заштитно - одгледувачки мерки преку санитарна сеча и прореди на болни и суви стебла | Број на опфатени стебла | Град Скопје преку ЈП Паркови и зеленило, Општина Гази Баба, |

## ***2.Програма за управување на културното наследство***

Целта на програмата е да се обезбеди заштита на културното наследство, односно да се превземат мерки и активности со кои би се спречила деградацијата на културното наследство.

Најзначајни објекти од културно наследство во Паркот на природата Гази Баба се турбето и црквата Св. Архангел Михаил.

Една од гробниците подигната на доминантно место на ридот Гази Баба е турбето во кое бил погребан Ашик Челеби. За личноста на Ашик Челеби се знае дека бил познат турски поет, еден од првите Османлиски литерати на кого вистинското име му било Мехмед Али ел-Ната. Во минатото, турбето било дел од комплексот на најголемите муслимански гробишта во Скопје, а било и место на ходочастие. Според архитектонските особености ова турбе спаѓа во групата на турбиња од затворен тип засводени со купола. Значењето на турбето на Ашик Челеби го потврдува и фактот што бил поставен за чувар на турбето т.н. турбетар кој секој петок го осветлувал гробот и турбето.

Црквата Св. Архангел Михаил како составен дел на овој амбиентално природен комплекс е подигната во 1928 година (завршена во 1932, а живописана во 1933

година) од страна  на кралот Александар I Караѓорѓевиќ, како место каде ќе бидат сместени посмртните остатоци од загинатите војници од Првата светска војна. Војниците кои по жестоката битка која ја воделе во Првата светска војна биле погребани токму на брдото Гази Баба, од каде се преместени во спомен костурницата која се наоѓа во криптата на самата црква. Во спомен на погинатите 923 војници, црквата била позната и како „Храм Славе“ (Храм во чест на погинатите).

Реализацијата на програмата ќе се спроведе преку постојана и координирана соработка со институциите надлежни  за заштита на културното наследство.

Со изготвување на информативни материјали и поставување на информативни табли посетителите на заштитеното подрачје ќе се запознаат со културното наследство и со мерките со кои би се спречила деградацијата на културното наследство.

| **Програма за управување на културното наследство<br>Планирани активности за 2025 година** | | |
|---|---|---|
| **Активност** | **Индикатор** | **Носител** |
| Изготвување на информативен материјал | Изготвен информативен материјал | Град Скопје,<br>Министерство за култура,<br>Управа за заштита на културно наследство,<br>Општини на град Скопје,<br>Граѓански здруженија |
| Поставување на информативни табли | Поставени информативни табли | Град Скопје,<br>ЈП Паркови и зеленило,<br>Општини на град Скопје,<br>Граѓански здруженија |

## ***<u>3.Програма за развој на одржлив туризам и рекреација</u>***

Целта на програмата е да се поддржи еколошкиот одржлив туризам во функција на локален економски развој како и развојот на рекреативниот туризам.

Паркот на природата Гази Баба има големо излетничко и рекреативно значење за жителите на градот, од таа причина и годишната програма е насочена кон уредување на просторот заради создавање подобри услови за посетителите преку поставување на нова урбана опрема- мали и големи видиковци, детски реквизити, клупи и маси, справи за вежбање, лулашки, детски куќички, корпи за отпадоци како и реконструкција на веќе постоечката опрема. Со цел да се зголеми безбедноста на посетителите предвидено е маркација и уредување на пешачките и велосипедски патеки  како и поставување на патокази. Во изминатата година извршена е поправка и фарбање на повеќе маси и клупи во паркот како и реконструкција на два павилјони видиковци со 6 столба како и отстранување на видиковец поради дотраеност и паѓање на истиот.

| **Планирани активности за 2025 година** | | |
|---|---|---|
| **Активност** | **Индикатор** | **Носител** |
| Поставување на нова урбана опрема | Поставена опрема | Град Скопје,ЈП Паркови и зеленило, Општини на град Скопје |
| Обележување и уредување на пешачките и велосипедските патеки | Обележани и уредени патеки | Град Скопје,ЈП Паркови и зеленило, Општини на град Скопје, Граѓански здруженија |
| Реконструкција на постоечки маси и клупи | Реконструирана опрема | ЈП Паркови и зеленило |
| Реконструкција на оштетените делови на постоечки видиковци | Реконструиран видиковец | ЈП Паркови и зеленило |

***<u>4.Програма за информирање, подигање на јавната свест и образование /едукација</u>***

Целта на програмата е да се подигне свеста кај локалното население, посетителите и засегнатите страни за значењето на Паркот на природата Гази Баба.

Преку поставување на информативни табли, еколошка едукација и одржување на манифестации и настани за промовирање на природното наследство на Паркот на природата Гази Баба, посетителите ќе можат подобро да се запознаат со природните вредности на подрачјето и потребата за негова заштита и зачувување. Потребно е да се посвети внимание на најмладите генерации преку организирање на настава во природа.

| Планирани активности за 2025 година | | |
|---|---|---|
| **Активност** | **Индикатор** | **Носител** |
| Поставување на информативни табли | Поставени информативни табли | Град Скопје,ЈП Паркови и зеленило, Општини на град Скопје, Граѓански здруженија |
| Еколошки едукации | Број на спроведени едукации | Град Скопје, Општини на град Скопје, ЈП Паркови и зеленило, Граѓански здруженија |
| Настава во природа | Број на организирани настави во природа | Град Скопје, Општини на град Скопје, Средни училишта во град Скопје, Основни училишта во град Скопје |

***<u>5.Програма за раководење, управување, финансирање и администрација</u>***

Целта на програмата е да се воспостави и промовира одржливо управување со Паркот на природата Гази Баба.

Одржувањето, заштитата и грижата на зелените површини во паркот е од страна на  ЈП Паркови и зеленило, додека пешачките патеки ги одржува ЈП Улици и патишта на  Град Скопје. Чуварска служба на паркот е организирана од страна на ЈП Паркови и зеленило на Град Скопје.

Со цел обезбедување на ефикасно управување со заштитениото подрачје субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје во соработка со други надлежни и стручни институции, потребно е да организира и спроведува работилници, семинари и обуки кои опфаќаат теми поврзани со заштитени подрачја.

| **Програма за раководење, управување, финансирање и администрација<br>Планирани активности за 2025 година** | | |
|---|---|---|
| **Активност** | **Индикатор** | **Носител** |
| Спроведување на работилници, семинари и обуки за вработените | Број на посетени работилници, семинари и обуки | Град Скопје, Општини на град Скопје,МЖСПП, МЗШВ,<br>Надворешни експерти |
| Функционирање на Совет на парк-шума Гази Баба | Број на одржани седници | Град Скопје,<br>Совет на парк-шума Гази Баба |
| Изготвување на Правилник за одржување, користење и заштита на парк-шумата | Изготвен Правилник | Град Скопје,ЈП Паркови и зеленило,<br>Совет на парк-шума Гази Баба |
| Изготвување на Годишна програма за заштита на природата за 2026 година | Изготвена Годишна програма | Град Скопје,<br>Совет на парк-шума Гази Баба |

1. **ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирање на Програмата се врши од средствата предвидени со Буџетот на Град Скопје за 2025 година и од Буџетот на ЈП Паркови и зеленило за 2025 година.

2. **ИЗВРШИТЕЛ**

Извршител на Програмата е ЈП Паркови и зеленило, врз основа на претходно склучен договор со Град Скопје, во кој ќе се утврдат взаемните права и обврски и во соработка со други општини, надлежни институции и граѓански здруженија.

3. **НАДЗОР**

Надзор над извршување на Програмата ќе врши Секторот за заштита на животната средина на Град Скопје.

4. **ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа Програма влегува во сила со објавување во Службен гласник на Град Скопје.

Бр. ____________________

_______________ 2025 година

С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ**

**НА ГРАД СКОПЈЕ**

**Проф. д-р. Трајко Славески**

______________________

**Образложение**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24) и член 10 став 1 точка 2 од Законот за градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ број 55/04 и 158/11), а согласно одредбите од Законот за прогласување на локалитетот парк-шума Гази Баба за парк на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/15), Програмата за остварување на заштита на парк-шумата Гази Баба ја донесува Советот на Град Скопје.

Причините за донесување на програмата е исполнување на одредбите од наведениот закон со кои Градот Скопје како управувач со целото подрачје на Паркот на природата Гази Баба е должен истото да го чува и одржува во состојба што одговара на неговото значење и функција за град Скопје.

Заштитата, грижата и одржувањето на подрачјето на Паркот на природата Гази Баба се врши во континуитет од 1998 година, кога со Одлука на Советот на Град Скопје истото е прогласено за Карактеристичен пејсаж („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 18/98), па се до денес, поради што на локалитетот се создадени можности за одржување едукативни настани, спортски настани како и рекреација и престој во природа на граѓаните и посетителите на град Скопје.

Финансирањето на програмата се врши од средствата предвидени со Буџетот на Град Скопје за 2025 година, како и од Буџетот на ЈП Паркови и зеленило за 2025 година. Во финансирањето може да партиципираат и други општини на градот, граѓански здруженија како и други институции.

Врз основа на изнесеното му се предлага на Советот на Град Скопје да ја донесе Програмата за заштита на Паркот на природата Гази Баба за 2025 година.